Здружение на граѓани
**Институт за човекови права**
Бр. 0506-3/3
**8.1.2025, Скопје**

За потребите на проектот „Иницијатива за административна социјална правда", финансиран од Европската Унија во рамки на NDICI-THE-NEAR /2024/461-234, врз основа на Договор за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права бр. 0307-65/1 од 26.11.2024 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

## ПОВИК 1/2025
## за доставување на апликации за ангажирање на соработник за прибирање на податоци

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на NDICI-THE-NEAR /2024/461-234) има потреба од **ангажирање на соработник за прибирање на податоци од област на социјални права во административни постапки.**

2. Опис на активностите:
   - Селекција на 50 судски предмети за анализа;
   - Прибирање на соодветни податоци од релевантни институции;
   - Спроведување на интервјуа со релевантни чинители; и
   - Водење записници од состаноците на координативното тело за социјална правда.

   Подетален опис на услугите е даден во проектната задача 1/2025 која е дел од овој повик.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
   Временската рамка за спроведување на активностите е во период од јануари 2025 до декември 2026.

4. ИЧП ќе склучи договор за привремено вршење на услуги со избраниот кандидат за реализација на активностите и резултатите наведени во проектната задача 1/2025.

5. Апликацијата треба да содржи:
   - CV со фокус на потребната квалификација и искуство.

6. Изборот на соработникот ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понуда е следната:

| Критериуми | Максимум поени<br>100 |
|---|---|
| Образование<br>Правни студии од прв циклус = 30 поени<br>Правни студии од втор циклус = 40 поени<br>Правни студии од трет циклус = 50 поени | 50 |
| Искуство<br>Од 2 до 3 години = 30 поени | 50 |

Финансирано од Европска Унија
ЕУ со ТЕБЕ

| | |
|---|---|
| 3-6 години = 40 поени<br>Повеќе од 6 години = 50 поени | |

**Доколку има потреба, кандидатите кои ги исполнуваат условите ќе бидат повикани на интервју пред да биде направена финалната селекција.**

7. Услови и начин на плаќање

За ангажманот предвиден е финансиски надоместок во бруто износ од 75 евра на ден во денарска противвредност. Плаќањето ќе биде извршено на месечна база, врз основа на бројот на сработени работни денови во месецот.

8. Начин на доставување на апликацијата

Апликациите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **18.1.2025 година.**

Апликациите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот и проектната задача, нема да бидат земени предвид.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **14.1.2025 година**

Институт за човекови права

**Весна Стефановска**
**Институт за човекови права**